# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

## НА ОСНОВНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ

## ЈАН АМОС КОМЕНСКИ

### КАРПОШ – СКОПЈЕ

### ЗА ПЕРИОД 2019-2023

## С о д р ж и н а:


1. Лична карта на училиштето ........ 3
2. Краток профил на училиштето ........ 4
3. Историски развој на училиштето ........ 5
4. Специфичности на училиштето ........ 6
5. Преглед на орган на управување ........ 7
6. Преглед на постоечките ресурси во училиштето ........ 8
   Нагледни средства и друга опрема ........ 8
   Човечки ресурси ........ 9
7. Податоци за наставната програма ........ 10
   Подрачје на работа на училиштето и наставна програма ........ 10
   Преглед на состојбата во основното образование и досегашните активности ........ 10
   Број на ученици за време на изработка на училишната развојна програма ........ 12
   Број на ученици во последните 3 години ........ 13
   Потреба од наставен кадар за наредните четири години ........ 13
8. Фактори кои влијаат на развојот на училиштето ........ 14
   Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето ........ 14
   Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето ........ 15
   Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето ........ 16
   Функционирање на училиштето во локален контекст ........ 17
9. Анализа од интерната евалуација (самоевалуацијата 2015/2017) ........ 18
10. Мисија и визија на училиштето ........ 19
11. Цели, задачи и активности ........ 20
   Користена литература ........ 29

# 1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **ООУ„Јан Амос Коменски,,** |
| **Адреса, општина, место** | **ул.Варшавска 23, Карпош, Скопје** |
| **Телефон** | **02/ 306 46 45 02/ 307 88 99** |
| **Факс** | **02/ 306 46 45** |
| **Е-маил** | **oujak@yahoo.com** |
| **Веб страница** | http://ooujanamoskomenski.edu.mk/ |
| **Ден на училиштето** | **28 март** |
| **Број на ученици во училиштето** | **683** |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | **Македонски јазик** |
| **Број на смени** | **една** |
| **Директор на училиштето** | **Маја Старова** |

## 2. КРАТОК ПРОФИЛ НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| **Училиште** | **ООУ„Јан Амос Коменски„ - Карпош-Скопје** |
| **Година на изградба** | **01.09.2008 година** |
| **Тип на градба** | **Тврда градба** |
| **Површина на објектот** | **4 920 $m^2$** |
| **Поврпина на училишен двор** | **12 000 $m^2$** |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | **детско игралиште - 90 $m^2$<br>тениски терени 2 X 648 $m^2$** |
| **Површина на спортска сала** | **512 $m^2$** |
| **Начин на загревање на училиштето** | **централно парно греење** |
| **Вкупен број на училишни згради** | **3** |
| **Училишен двор** | **1** |
| Број на подрачни училишта | **0** |
| Број на катови | **2** |
| Број на училници | **30** |
| Училишна библиотека | **1** |
| Број на помошни простории | **13** |

## 3. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште „Јан Амос Коменски“, се наоѓа на улица Варшавска бр.23, во населба Тафталиџе 1, во Општина Карпош - Скопје.

Пет децении нашето училиште воспитува и образува млади генерации и со успех ги извршува поставените задачи. Училиштето всушност е замена за основното училиште „Гоце Делчев“ кое природната стихија го разруши до темел на 26 јули 1963 година. Дојде до израз светската хуманост и солидарност. Во новата населба Тафталиџе 1, како подарок од народот и владата на Чехословачка се изгради нов училишен објект, кој го доби името на на големиот чешки и светски педагог, филозоф и книжевник Јан Амос Коменски. На 27 април 1964 година беше предадено во употреба новото основно училиште „Јан Амос Коменски“. Од учебната 2008/2009 година учениците учат во нова, модерна, по европски стандарди изградена училишна зграда.

Реонот на Општинското основно училиште „Јан Амос Коменски“, Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Тафталиџе 1 што се простира на исток до ул „8 Септември“, на југ до ул. „Теодосије Гологанов“, на север до бул. „Партизански Одреди“ и на запад до ул. „Московска“. Вкупната квадратура на училиштето изнесува 4920 $m^2$ и дворно место од 12000 $m^2$. Училиштето располага со фискултурна сала и со игралиште во училишниот двор.

Во училиштето учат 683 ученици распоредени во 28 паралелки. Во училиштето се вработени 57 лица. Наставата се одвива на македонски наставен јазик.

Училиштето е збратимено со ОУ „Станислав Сремчевиќ“ - Крагуевац (Р.Србија) и ООУ„Сабедин Бајрами“ с. Камењане, Општина Боговиње.

Веќе 55 години ООУ „Јан Амос Коменски“ со успех работи на образованието и издигнувањето на младите генерации, давајќи своевиден придонес во нивното натамошно школување и вклучување во сите сфери на општествениот живот.

## 4. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето е лоцирано во Општина Карпош-Скопје. Во општината се наоѓаат уште 9 основни училишта, средни училишта, кино сали, театри, библиотеки со кои училиштето континуирано соработува. Училиштето активно соработува со институциите: НУБ, МОБ, МТВ, УКИМ, ФИНКИ, Општина Карпош, невладини организации.

***ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВИ УЧИЛИШТЕТО***

Во училиштето се реализираат следните проектни активности:

- ✓ МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО - МИО
- ✓ УЧИЛИШТЕ НА 21 ВЕК
- ✓ ИНКЛУЗИВНИ ПАРТНЕРСТВА ВО ЗАЕДНИЦАТА
- ✓ КУЛТУРА НА МИР, СИГУРНОСТ И ДОВЕРБА
- ✓ Одредување критериуми за успех-ОЦЕНУВАЊЕ ЕРАЗМУС +
- ✓ СВЕСТ ЗА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА
- ✓ Научно истражувачки проект: Лицата со оштетен вид во улога на наставници по македонски јазик

Идни проектни активности:

- ✓ Предизвик за млади истражувачи: (Моќта на ветерот, предизвик на новата ера) - Фонд за иновации
- ✓ Националните паркови и заштита на природата – МИО
- ✓ Еразмус +
- ✓ Еко репортери

## 5 . ПРЕГЛЕД НА ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ

| УЧИЛИШЕН ОДБОР | |
|---|---|
| 1.Александра Николовска | претседател<br>(претставник од редот на наставниците) |
| 2.Живка Пројческа | (претставник од редот на наставниците) |
| 3. Марија Христовска | (претставник од редот на наставниците) |
| 4. Роберт Илиевски | (од редот на родителите) |
| 5. Славка Петковска | (од редот на родителите) |
| 6. Афродита Шаља | (од редот на родителите) |
| 7. Виктор Исијановски | (претставник од Локална самоуправа) |

## 6 . ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### - НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА И ДРУГА ОПРЕМА

| Нагледни средства и друга опрема | Количина |
|---|---|
| Телевизор | 19 |
| Персонален компјутер (Haier HV Host) | 13 |
| Тастатура / маус | 50/55 |
| Монитор | 133 |
| Детски лап топ | 167 |
| Персонален лап топ (наставници) | 39 |
| TIN klient Haier | 208 |
| ПС компјутер (администрација) | 5 |
| Лап топ (управа и библиотека) | 4 |
| Таблет | 2 |
| Печатари /фотокопир | 9/2 |
| ЛЦД проектор / банер | 6/1 |
| Интерактивна СМАРТ табла | 3 |
| Бела табла | 30 |
| Скелет | 1 |
| Торзо | 1 |
| Пианино | 1 |
| Микроскоп | 2 |

| | |
|---|---|
| Дигитална вага/термометар | 1/2 |
| Основен лабораториски прибор | 10 сета |
| 3Д градба на цвет, око, уво | 1/1/1 |
| Динамометри/магнети | 2/2 |
| Гео-историски карти | 20 |
| Глобус | 1 |
| Шестар, линиар, агломер | 7/23/3 |
| Асистивни уреди | 9 |
| Дидактички средства | 5 комплета |

***- ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ***

| СТРУЧЕН ПРОФИЛ | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | VIII | VII- 2 | VII-1 | VI | V | IV |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен кадар | Одделенска настава - 24 | / | / | 21 | 3 | / | / |
| | Предметна настава - 20 | / | / | 16 | 4 | / | / |
| Раководен кадар (директор, помош. директор) | Директор - Маја Старова | / | / | 1 | / | / | / |
| | Помошник директор | / | / | / | / | / | / |
| Стручни соработници | Педагог-Соња Казакова | / | / | 1 | / | / | / |
| | Психолог-Елизабета Ивановиќ | / | / | 1 | / | / | / |
| | Библиотекар-М.Филиповска | / | / | 1 | / | / | / |
| Секретар на училиштето | Јулијана Паскоска | / | / | 1 | / | / | / |
| Технички персонал | Хигиеничари - 6 | / | / | / | / | 3 | 3 |
| | Домаќин - 1 | / | / | / | / | 1 | / |
| | Хаус мајстор - 1 | / | / | / | / | 1 | / |
| | Чувар-градинар - 1 | / | / | / | / | / | 1 |

## 7. ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### *-ПОДРАЧЈЕ НА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО И НАСТАВНА ПРОГРАМА*

| Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано | Наставна програма | Основано од | Година на верификација | Сегашен број на одделенија и паралелки |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование ( општо образование) | Национална програма на Град Скопје | ИО-ГНОО 11-587/3 | 31.01.1986 | 9 / 27 |

### *- ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ДОСЕГАШНИТЕ АКТИВНОСТИ*

Задолжително деветгодишно основно образование се воведе во Македонија во 2007 година, во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ова ниво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години. Реформите на наставните планови и програми беа започнати истовремено со продолжувањето на времетраењето на основното образование. Наставните програми опфаќаа развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја тема или програма. Покрај тоа, воведени се и повеќе нови предмети: англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет; втор странски јазик од VI одделение како задолжителен предмет; иновации во IX одделение како задолжителен предмет; работа со компјутер и основи во програмирањето како задолжителен предмет во III и IV одделение; творештво во IV и V одление како изборен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIII и IX како изборен предмет; етика на религиите, запознавање на религиите, класична култура во Европската цивилизација во VI одделение; други изборни предмети: нашата татковина, воспитание за околината, истражување за родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од инорматиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење и програмирање. Освен тоа беше изготвена програма за образование за животни вештини, како и прирачник што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение.

Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на Наставните предмети според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија за математика и природни науки од I до VI одделение и математика и предметите од природните науку физика, хемија и биологија од VII до IX одделение. Учебниците за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и Метдологијата за вреднување на учебник.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ Стратегија за образовани-ето2016/2020. Од учебната 2**0**19/2020 година ќе се применува новиот Закон за основно образование.

## *-БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗРАБОТКА НА УЧИЛИШНИОТ РАЗВОЕН ПЛАН*

**2019-2020 год.**

| **Одделенска настава** | **Број на ученици по пол** | | | **Број на паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| | **машки** | **женски** | **вкупно** | |
| **I** | 46 | 48 | 94 | 4 |
| **II** | 39 | 40 | 79 | 3 |
| **III** | 33 | 41 | 74 | 3 |
| **IV** | 39 | 35 | 74 | 3 |
| **V** | 32 | 37 | 69 | 3 |
| ***Вкупно I-V*** | **189** | **209** | **398** | **16** |
| **Предметна настава** | **Број на ученици по пол** | | | **Број на паралелки** |
| | **машки** | **женски** | **вкупно** | |
| **VI** | 32 | 37 | 69 | 3 |
| **VII** | 41 | 39 | 80 | 3 |
| **VIII** | 47 | 35 | 82 | 4 |
| **IX** | 20 | 35 | 55 | 2 |
| ***Вкупно VI-IX*** | 140 | 146 | 286 | 12 |
| ***Вкупно I-IX*** | **329** | **355** | **684** | **28** |

***-БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 3 ГОДИНИ***

| **Учебна година** | **Број на ученици** | | **Вкупно ученици** |
|---|---|---|---|
| | **Одделенска настава** | **Предметна настава** | |
| **2016 / 2017** | 349 | 275 | **624** |
| **2017 / 2018** | 349 | 297 | **646** |
| **2018/2019** | 360 | 301 | **661** |

***-ПОТРЕБА ОД НАСТАВЕН КАДАР ЗА НАРЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ***

| **Профил** | **Брпј** |
|---|---|
| Наставник- асистент по ФЗО | **2** |
| Дефектолог | **1** |

# 8. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО

## *- ЛОКАЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО*

Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје во чија близина се наоѓаат културни, образовни установи, невладини организации, спортски здруженија и др. Дел од институциите со кои училиштето соработува се следните:

- МНТ, МОБ, Театар за деца и младинци, МАНУ, МТВ
- ДКЦ, МКЦ, ЈУДКЦ Карпош
- Музеи, библиотеки, кина, издавачки куќи, радио и печатен медиум
- Пакомак
- Црвен крст
- Еколошки зрдуженија
- Спортски здруженија
- Национална Галерија
- Општина Карпош
- Саеми, фестивали и галерии
- Основни и средни училишта и факултети
- Банки
- Бизнис заедница

***- НАЦИОНАЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО***

Институции со кои училиштето соработува на национално ниво се:

- МОН o БРО o ДПИ o ДИЦ
- Еразмус плус
- МТСП
- МИОА
- Завод за ментално здравје
- Поликлиника Карпош
- Агенција за вработување
- Државен завод за статистика
- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа
- МВР
- Сектор за малолотничка деликвенција

### *- МЕЃУНАРОДНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА УЧИЛИШТЕТО*

Меѓународни институции со кои училиштето соработува се:

- Чешка амбасада
- British Council
- Goethe Institut
- УНИЦЕФ,
- УСАИД
- ОБСЕ
- Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ
- МЦГО
- UNDP
- НВО ,,Отворете ги прозорците“

## *-ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ВО ЛОКАЛЕН КОНТЕКСТ*

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проект и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците. Соработка со основни и средни училишта, факултети, соработка со Општина Карпош, библиотеки, кина, театри, музеи, ДКЦ, МКЦ, ЈУДКЦ Карпош, соработка со Здружение совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје, РСБСП, Пакомак, соработка со издавачки куќи, телевизиски куќи, радио и печатен медиум, Црвен крст, НВО Хера , училишта со посебни потреби, соработка со еколошки организации, Национална галерија, спортски здруженија. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници како што се „Ден на Општина Карпош“, „Десетка за Карпош“, „Денот на екологијата“, „Денот на Европа“ и притоа има доделување на парични награди (ваучери) од страна на општината за талентирани ученици и спортисти. По тој повод секоја година традиционално се организираат спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.

Голем е бројот и на дополнителни активности во кои активно земаат учество учениците од прво до деветто одделение. Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден за првачиња, учество на Европската Недела на кодирање, учество на ликовен и литературен конкурс по повод одбележување на Денот на општината, посета на природно-научен музеј, МКЦ, посета на планетариум, посета на детскиот фестивал Златно славејче, посета на театарски претстави и кино проекции, учество во проектот: Електричниот отпад создава можност, учество на кастинг за деца глумци во игран филм, посета на Холокаустот, посета на Саемот на книга, соработка со археолошкиот музеј, учество на манифестацијата: Ден на учителот, едукација на учениците за климатските промени, учество на доделување на стипендии на талентирани ученици.

## 9. АНАЛИЗА ОД ИНТЕРНАТА ЕВАЛУАЦИЈА (САМОЕВАЛУАЦИЈАТА 2015/2017)

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| -Успешна соработка на стручната служба со родители, ученици, наставници преку: интерни проекти, работилници, индивидуални разговори, стручни консултации како помош и поддршка за надминување на одредени потешкотии во ВОП | -Наставниците се фокусирани на оценките, а не се развиваат вештините за критичко размислување и решавање проблеми во наставата |
| - Квалитетна реализација на Кембриџ програмите | -Непочитување на куќниот ред и кодексот за ненасилно однесување меѓу учениците |
| - Реализација на МИО, други проекти и проектни активности поврзани со градење на  соживот | -Поднесување писмени иницијативи за промена во наставните планови и програми |
| - Развиена свест за екологија кај учениците, наставниците и родителите | -Недоволно транспарентно информирање на родителите од страна на раководниот орган на училиштето  за раководење со промените во образовниот систем  како и унапредување на професионалниот однос на раководниот орган на училиштето кон работата со учениците, наставниците и родителите |
| | Училишна клима помеѓу вработените |

## 10. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

| **МИСИЈА** |
| --- |
| **Училиште со традиција, кое ја следи модернизацијата на образованието прекупрофесионално усовршување на наставниот кадар, ги афирмира современите стандарди и димензии на образованието и воспитанието почитувајќи ги индивидуалните потреби на учениците.** |

| **ВИЗИЈА** |
| --- |
| **Сакаме училиште во кое кај учениците треба да се рзавиваат основните вештини и компетенции што се поврзани со светот во којшто тие живеат. Развивањето на тие вештини кај младите ќе допринесе кон тоа тие да се изградат како креативни граѓани кои размислуваат критички и се подготвени да ја обликуваат иднината за себе и за идните генерации.** |

## 11. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ | РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ |
|---|---|
| **1.** Поддршка на наставата и учењето | **1.1.** Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни во образованието од 21 век; |
| **2.** Изготвување стратегија за мотивирање на наставниците и стручните соработници | **2.1.** Активирање и наградување на наставниот кадар во рамките на училиштето;<br>**2.2.** Афирмација и промовирање на наставниот кадар надвор од училиштето; |
| **3.** Обезбедување на сигурност и доверба меѓу учениците | **3.1.** Справување со соврсничко насилство; |
| **4.** Продлабочување на соработката со родителите | **4.1.** Вклучување на родителите во реализацијата на наставните планови и програми;<br>**4.2.** Учество на родителите во проекти и активности на училиштето; |
| **5.** Подобрување на инфраструктурата на училиштето | **5.1.** Реконструкција на училишниот покрив; |

**Стратешка цел: 1. Подршка на наставата и учењето**

**Развојна цел: 1.1. Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни во образованието на 21-от век**

| **Конкретни цели** | **Активности** | **Ресурси** | | | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Извори на докази** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Човечки** | **Физички** | **Трошоци** | | | |
| **1.1.1.** Утврдување на искуствата и потребите | - Формирање на тим: директор, педагог, Татјана Георгиевска, Јадранка Георгиевска, Сузана Јакимовска, Дијана Ханџиска, Јасмина Макаловска, Александра Блажевска<br>- Воспоставување систем за вклучување на предлозите на вработените преку анкетирање | директор обучувачи наставници | провајдер за одржување на обуки | не се предвидени | април-јуни 2019година | - Подобрување на квалитетот на наставата<br>- Подобрување на компетенциите на наставниците | - Спроведена анкета;<br>- Спроведена обука;<br>- Десиминација; |
| **1.1.2.** Воспоставување процедури за планирање на активностите од следените обуки | -Определување испорачувач на обуките<br>- Средби со идните обучувачи<br>- Споделување на искуства на стручни активи<br>- Изготвување распоред за реализација<br>- Спроведување добри пракси | директор стручна служба обучувачи наставници ментор на програмата | компјутер фотокопир хартија работни материјали | не се предвидени | учебна 2018/2019 година | - Десиминација<br>- Позитивни искуства од десиминацијата; | - Самоевалуација<br>- Годишни програми и извештаи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.3.**<br>Воведување на програмата „Училиште на 21 век“ | - Споделување на искуства на стручни активи<br><br>- Изготвување распоред за реа-лизација<br><br>- Спроведување добри пракси | директор<br>стручна служба<br>обучувачи<br>наставници<br>ментор на програмата | компјутер<br>фотокопир<br>хартија<br>работни материјали | 24 000 мкд. | 2019-2023 година | - Примена на КРРП во наста-вата<br><br>- Подобрување на квалитетот во нас-тавата | - Годишни прог-рами и извештаи;<br><br>- Самоевалуација; |
| **1.1.4.**<br>Воведување на работа со уредот Микробит | - Развивање диги-тални креативни вештини<br><br>- Подобрување на наставните прак-тики со креатив-ни техники за ко-дирање<br><br>- Формирање на клубови | директор<br>стручна служба<br>обучувачи<br>наставници<br>ментор на програмата | компјутер<br>микро-бит уреди<br>фотокопир<br>хартија<br>работни материјали | 24 000 мкд. | 2019-2023 година | - Примена на КРРП во наста-вата<br><br>- Подобрување на квалитетот во нас-тавата<br><br>- Ученици обуче-ни за кодирање | - Годишни прог-рами и извештаи;<br><br>- Самоевалуација;<br><br>- Слики;<br><br>- Проекти; |

| Стратешка цел: 2. Изготвување стратегија за мотивирање на наставниците и стручните соработници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел: 2.1. Активирање и наградување на наставниот кадар во рамките на училиштето** | | | | | | | |
| **Конкретни цели** | **Активности** | **Ресурси** | | | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Извори на докази** |
| | | **Човечки** | **Физички** | **Трошоци** | | | |
| **2.1.1.** Воведување на систем за промовирање на постигнатите резултати на наставниот кадар | -Формирање тим<br><br>-Изработка на процедура со критериуми за промовирање на постигнатите резултати на наставниците<br><br>-Транспаретно информирање на постигнатите резултати | директор стручна служба наставници | училиште | во зависност од потребите | 2019-2023 година | - Мотивираност на наставниот кадар за постигнување повисоки резултати и реализирање квалитетна настава | - Изработена стратегија;<br><br>-Извештаи од реализирани воннаставни активности<br><br>-Видео записи<br><br>-Брошури<br><br>-Весници<br><br>-Фотографии |
| **Развојна цел: 2.2. Афирмација и промовирање на наставниот кадар надвор од училиштето** | | | | | | | |
| **2.2.1.** Мотивирање на наставниот кадар за учество во активности надвор од училиштето | -Презентација и информирање на наставниците за можностите, условите и придобивките од учеството надвор од училиштето<br><br>-Пријавување на наставниците и учество на натпревари, проекти, конференции и др. надвор од училиштето | стручни лица, директор стручна служба наставници | МОН;<br>БРО;<br>Еразмус + | во зависност од потребите | 2019-2023 година | Активно вклучување на наставниците во проекти, конеренции, програми организирани надвор од училиштето | -Извештаи од реализирани воннаставни активности<br><br>-Видео записи<br><br>-Фотографии |

**Стратешка цел: 3. Обезбедување на сигурност и доверба меѓу учениците**

**Развојна цел: 3.1. Справување со соврсничко насилство**

| **Конкретни цели** | **Активности** | **Ресурси** | | | **Временска рамка** | **Индикатори** | **Извори на докази** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Човечки** | **Физички** | **Трошоци** | | | |
| **3.1.1.**<br>Создавање стра-тегија за надми-нување на сос-тојбата во учи-лиштето | -Предлози и идеи за начините на справување со насилство<br><br>- Реализирање на содржините на стратегијата пре-ку работилници | директор<br>стручна служба<br>наставници<br>родители<br>ученици | - Прирачник за наставници „Запирање на насилството во училиштата”<br><br>- ЛЦД проектор<br><br>- компјутер<br><br>-хартија | износ во зависност од потребите | 2019-2023 година | - Добивање кон-структивни идеи и предлози за стратегијата<br><br>- Активно учество на сите субјекти<br><br>- Позитивни ре-зултати од актив-ностите | - Записници<br><br>-Извештаи |
| **3.1.2.**<br>Учениците да се запознаат со ста-вот на училиш-тето во однос на соврсничкото насилство | -Работилници со учениците<br><br>-Бура на идеи за спречување на насилство<br><br>- Ликовно творе-ње на темата<br><br>- Пишување по-раки и пароли | одделенски раководители<br>стручна служба<br>ученици | - компјутер<br>- ЛЦД<br>-паноа<br>-хартија | износ во зависност од потребите | 2019-2023 година | - Учениците се вклучуваат во надминување на состојбата во учи-лиштето | -Извештаи од реализирани вонннаставни активности<br><br>-Видео записи<br><br>-Фотографии |
| **3.1.3.**<br>Да се развива по-треба за грижа кон ученици кои пројавуваат на-силно однесување | - Откривање уче-ници кои појаву-ваат било каков вид на насилство<br><br>- Работилници со групи ученици | - стручна служба<br>- одделенски рако-водители<br>-ученици | / | / | 2019-2023 година | - Намалување бро-јот на случаи со насилно однесу-вање;<br><br>- Учениците го прифаќаат начи-нот на соработка и помош | - Записници<br><br>-Извештаи |

**Стратешка цел: 4. Продлабочување на соработката со родителите**

**Развојна цел: 4.1. Вклучување на родителите во реализацијата на наставните планови и програми**

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| **4.1.1.** Утврдување на потребите на училиштето за учество на родителите | - Формирање на тим: директор, стручна служба, Афродита Шаља, Роберт Илиевски<br><br>- Анализа на постоечките наставни планови и програми<br>- Детектирање на афинитетите и потенцијалите на родителите | директор<br>стручна служба<br>родители<br>наставници<br>институции | училници<br>институции | во зависност од потребите | 2019-2023 година | Задоволни родители, наставници и ученици<br><br>- Добра соработка со родителите<br><br>- Подобрување на квалитетот на наставата преку применливост на знаењата во пракса | - Записник од Совет на родителии |
| **4.1.2.** Реализација на дебатите и предавањата | - Изготвување на список за родители предавачи за дебатите и предавањата<br><br>- Утврдување на простор и време<br><br>- Реализирање посети<br><br>- Активно вклучување и на наставниците во дебатите и предавањата | родители<br>наставници<br>институции<br>ученици | училници<br>институции | износ во зависност од потребите | 2019-2023 година | - Задоволни родители, наставници и ученици<br><br>- Реализиран проект од страна на учениците | - Список на родители предавачи<br><br>- Записници од реализираните посети |

| **Развојна цел: 4.2. Учество на родителите во проекти и активности на училиштето** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.2.1.**<br>Учество на родителите во проекти на училиштето | Земање активно учество во проектот за меѓуетничка интеграција<br><br>- Развивање на мултикултурализмот<br><br>- Учествување во активностите организирани во ЕКО проекти | родители<br>ученици<br>наставници | училиште | износ во зависност од потребите | 2019-2023 година | Взаемна почит, соработка и доверба<br><br>- Соработка и другарување на ученици од различна етничка припадност | Протокол за реализација на активностите од проектите<br><br>- Извештаи од реализација на проектите |
| **4.2.2.**<br>Соработка на родителите при реализација на вонаставните активности на училиштето | - Унапредување на здравиот начин на живеење;<br><br>- Превземање одговорност за заштита на животната средина;<br><br>- Овозможување безбедност и заштита при користење на интернет (сајбер насилство)<br><br>- Ораганизирање работилници за мултимедијална култура | родители<br>ученици<br>наставници | медиатека | износ во зависност од потребите | 2019-2023 година | - Здрав начин на живеење<br><br>- Заштита на животна средина<br><br>- Заштита од сајбер насилство<br><br>- Зголемена свест за правилно користење на медиумите<br><br>- Критичко размислување на учениците | |

**Стратешка цел: 5. Подобрување на инфраструктурата на училиштето**

**Развојна цел: 5.1. Реконструкција на училишниот покрив**

| Конкретни цели | Активности | Ресурси | | | Временска рамка | Индикатори | Извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Човечки | Физички | Трошоци | | | |
| **5.1.1.**<br>Детектирање на моменталната состојба на училишниот покрив | - Формирање на тим: директор, Борче Стефановски, Пепи Казаков, Марјан Угриновски, Јасмина Макаловска<br><br>- Да се потврди потреба од санација | -Тим од наставници<br><br>- Хаус мајстор<br><br>- Претставник од локалната самоуправа, одделение за градежно земјиште и урбанизам | Училишен покрив<br><br>Извештај од извршен премер; | износ во зависност од потребите | август-септември 2019 год. | -Подобрени здравствено-хигиенски услови;<br>- Заштита од поплавување на училишната зграда;<br>- Подобрен естетски изглед;<br>- Задоволни ученици, родители и наставници; | -Извештај од извршениот премер;<br><br>- Слики |
| **5.1.2.**<br>Да се изготви граджен проект за реконструкција на покривот | - Согледување на моменталната состојбата на покривот<br><br>- Разгледување на можностите за поправка на постоечката состојба<br><br>- Изработка на градежен проект | -Претставник од локалната самоуправа, одделение за градежно земјиште и урбанизам<br><br>- Хаус мајстор<br><br>- Градежници<br><br>- Стручен тим<br><br>- Хаус мајстор | - градежен проект | износ во зависност од потребите | септември 2019 год. | - Подобрени безбедносни услови;<br>- Заштеда на топлинска и електрична енергија;<br>- Подобрен естетски изглед;<br>- Задоволни ученици, родители и наставници;<br>- Подобрени безбедносни услови<br>- Задоволни ученици, родители и наставници; | -Извештаи<br><br>-Градежен проект |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.1.3.**<br>Реконструкција на училишниот покрив | - Да се изработи план за работа<br><br>- Практично изведување на работата<br><br>- Формирање тим на наставници и вработени за следење на начинот и динамиката на реконструкција<br><br>- Евалвација на градежниот зафат | -стручен тим<br><br>- претставник од локалната заедница<br><br>- хаус мајстор<br><br>- градежници | -училишен покрив<br>-училници<br>-канцеларии<br>- холови | пресметка од градежна фирма | септември 2019 год. | - Подобрени безбедносни услови во училиштето<br><br>- Подобрени здравствено-хигиенски услови<br><br>-Заштитена училишна зграда од поплавување<br><br>- Задоволни ученици, родители и наставници; | - Извештај од санитарна инспекција<br><br>- Годишни и Полугодишни извештаи<br><br>- Слики |

***КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА***


**1.** Сеопфатна стратегија за образованието за 2018-2025 и Акциски план;

**2.** Самоевалуација на училиштето 2016/2018 година;

**3.** Годишна програма за работа на училиштето 2018/2019 година;

**4.** Годишна програма за работа на училиштето 2019/2020 година;

**5.** Годишен извештај за работа на училиштето 2018/2019 год.;

**6.** Годишен извештај за работа на училиштето 2019/2020 год.;

**7.** Конечен извештај од интегрална инспекција јануари, 2018 год.;

**8.** Равојна програма на училиштето 2014-2018;

Членови на тимот што ја изработија Развојната програма:

**1.** Маја Старова - директор;

**2.** Соња Казакова - педагог;

**3.** Елизабета Ивановиќ - психолог;

4. Дијана Ханџиска – наставник по информатика (компјутерска обработка);

Директор,

______________________

Маја Старова